# ХРОНИКА

*Друштвото на математичарите и физичарите од Народна Република Македонија* е основано на Скупштината, која што е одржана на 29 јануари 1950. Скупштината ја отвори проф. Dr *Драгослав Митриновиќ*, претседател на Иницијативниот одбор, во присаствие на *Спасител Куљан,* помошникминистер на Министерството за наука и култура на НРМ, Dr *Киро Миљовски*, ректор на Универзитетот во Скопје, Dr *Тадија Пејовиќ*, претседател на Друштвото на математичарите и физичарите од НР Србија, и други званични делегати.

На Скупштината е избран Управен одбор од единаест члена кои на првата седница се конституира на следниот начин:

Претседател: Dr *Драгослав Митриновиќ*, професор на Универзитетот, Скопје;

Потпреседател: *Ордан Печијаре*, преподавател на Универзитетот, Скопје;

Секретар: *Трајко Георгиевски*, асистент на Универзитетот, Скопје;

Благајник: *Нада Спасова*, асистент на Универзитетот, Скопје;

Библиотекар: *Благој Попов*, преподавател на Универзитетот, Скопје;

Членови: *Томе Николовски*, професор - инструктор при Министерството за просвета на НРМ, *Ристо Танев*, директор на Машката гимназија во Битола; *Симеон Мартиновски*, професор на Машката гимназија *Цветан Димов* во Скопје, *Ѓорѓи Лазаровски*, професор на Машката гимназија *Цветан Димов* во Скопје, *Андон Андонов*, директор на Гимназијата во Титов Велес; и *Тихомир Илиевски*, студент по математика.

Во контролен одбор се избраа:

Dr *Перо Серафимов*, доцент на Универзитетот, Скопје;
*Јоже Улчар* преподавател на Универзитетот, Скопје;
*Света Марковиќ*, професор на Женската гимназија *Маршал Тито* во Скопје.

На Скупштината се усвојиа Правилата на Друштвото, кој се одобрени од Министерството за внатрешни работи на НР Македонија под С. бр. 9050/50.

Во следната книга ќе биде по нашироко прикажана Основачка скупштина и работата на Друштвото во 1950 година.